**П Р Е Д Л О Г**

# О Д Л У К А

**за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 10.09.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје

1. Со оваа Одлука, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, ја именува Ангелика Грајмел-Рехлинг за член на Надзорниот одбор на Банката.
2. Ново именуваниот член на Надзорниот одбор ќе го замени постоечкиот член Габриела Шмол, која се повлекува од функцијата.
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука трае до истекот на мандатот на членот кој се заменува – 19.11.2028 година.
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Согласно Статутот на Банката и Законот за банки, Надзорниот одбор е орган на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Народната Банка.
Согласно Статутот на Банката, за предложен кандидат за член на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.
Законот за банките, Статутот и интерните акти на Шпаркасе Банка ги дефинираат критериумите за соодветност на членовите на Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови, исполнувајќи ги законските критериуми за независност. Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена.
Имајќи ја во предвид поднесената оставка од функцијата Член на НО од страна на Габриела Шмол примена во Банката на 15.07.2025 година, отпочната е постапка за именување на нов член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.
Со оваа Одлука се предлага именување на Ангелика Грајмел-Рехлинг за нов член на НО.
Мандатот на новоизбраниот член, во случај на замена на член на Надзорен одбор, се определува со Одлуката за именување донесена од страна на Собранието на акционери на Банката, имајќи ја во предвид должината на периодот кој преостанува до истекот на мандатот на заменетиот член.
Врз основа на поднесеното барање, примено во Банката на ден 15.07.2025 година, Габриела Шмол ќе се повлече од функцијата член на Надзорниот одбор сметано од денот на добивањето на согласност од НБРСМ за новиот член на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје.
Габриела Шмол ќе биде заменета со Ангелика Грајмел-Рехлинг, која во моментот ја извршува функцијата Директор на стратешко управување со ризици во рамки на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен АГ, Грац.
Грајмел-Рехлинг е позитивно оценета од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и од колективен аспект на Одборот во целост. Имајќи ги во предвид нејзините професионални искуства, оценета е како соодветен кандидат за член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.